**Општина Охрид**

**Сектор за локален економски развој и туризам**

**Оделение за локален економски развој**

**ПРЕДЛОГ**

# Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА

**ПРЕДЛОГ**

**Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА**

Ѓоко Апостолов

Раководител на Сектор за ТЛЕР

--------------------------------------

**Вовед**

Специфичните стратегиски приоритети за развој на локалната економија, факторите кои го условуваат економскиот раст, бизнис заедницата, граѓанското општество и технолошкото знаење се дел од процесот на планирање на Програмата за поддршка на локалниот економски развој. Истата треба да овозможи директно поместување на границата на производните можности, односно преку процес на иновации и инвестиции да создаде заедничка визија за подобри услови кон одржлив локален економски развој. Во процесот на планирање иницијативите ќе имаат јасно определена содржина, која ќе одговара на локалните проблеми.

Вклученоста на цела мрежа луѓе и институции претставува клучен елемент за локалниот економски развој. Физичкиот и човечкиот капитал, природните ресурси и технолошкото знаење се фактори кои доклку правилно се искористат во голема мера ќе ја унапредат конкурентната способност на локално ниво, а истовремено ќе допринесат за промовирање и создавање дополнителна вредност на локалните бизниси, самовработување и вработување на локалнта заедница.

Соработката, меѓусебната доверба, посветеноста на одбраните субјекти, нивната екпертиза, кредибилитет во локалната средина и нивното влијание во планирањето на процесот на локален економски развој ќе овозможат развој на активности соодветни на нивото на економска развиенот и поставување јасни остварливи и мерливи цели. Воспоставувањето механизми ќе ја исцртаат развојната патека кон посакуваната крајна цел и ќе го придвижат економскиот развоен процес во нагорна линија.

Имајќи ја во предвид јасната претстава за пазарниот механизам и двигателите на локалниот економскиот пораст, постојната конкурентна позиција и начинот наа функционирање, Програмата за поддршка на локалниот економски развој преку воведување различни видови стимулации, пристапи и активности предвидува мерки за подобрување на деловното опкружување. Битно да се спомене е дека сите мерки кои ги предлага и превзема локалната власт се индиректни и поттикнувачки, со што се овозможува откривањето на најдобрата практика за развој и одржлив економски раст да припадне на локалното население, бидејќи подготвеноста за активно учество на заедницата е пресудна за успешно спроведување на иницијативите наведени во Програмата за поддршка на локалниот економски развој.

**Програмата за подршка на локалениот економски развој** се подготвува пред се врз основа на **Стратегијата за одржлив локален економски развој,** како и **Стратегијата за Рурален Развој** и се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

I. **ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид | **4.000.000,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи - донации | **7.500.000,00 ден** |
| | Вкупно | **11.500.000,00 ден** |

## II. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА

Општина Охрид преку Секторот за Локален Економски Развој и Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира Програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2018 година.

## 1. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

### 1.1. Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид.

Целта е преку промовирање и изнаоѓање стимулативни мерки за поттикнување на партиципативното учество на заедницата во општествениот развој на микрозаедниците.

Критериумите, предусловите, процедурите и постапките кои треба да се остварат ќе бидат објавени по пат на ЈАВЕН ПОВИК за финансирање микропроекти.

Право на учество на Јавниот повик ќе имаат сите невладини организации (граѓански здруженија и фондации) независно од областа на нивното делување како и Месните и Урбани заедници.

**Предвиден буџет 700.000,00 ден**

### 1.2. Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014-2018

Според Националните стратешки документи за поддршка на развојот на земјоделството и руралниот развој (Националана стратегија за земјоделство и рурален развој) и Подстратегијата за рурален развој на Општина Охрид, како стратешки развоен документ за периодот 2014-2018 година, главните стратешки цели и приоритети за развој на руралните области во Општина Охрид ги опфаќаат следните мерки и области на делување:

- Инфраструктурно и комунално уредување на селските средини;
- Квалитетно и целосно искористување на туристичките и стопанските потенцијали на руралните области со што би се подобрил квалитетот на живеење на селските средини;
- Урбанистички уредени селски средини со просторно-планска документација и чиста животна средина;
- Развиено земјоделство и сточарство врз база автохтона и органски здрава храна;
- Подобрување на образовните и здравствени стандарди во руралните области;
- Подобрување на спортската инфраструктура и развој на традиционални културни манифестации во руралните области.

Оваа активност ќе биде реализирана по пат на јавен повик за финансирање на микропроекти. Право на учество на Јавниот повик ќе имаат невладини организации (граѓански здруженија и фондации) и Месните и Урбани заедници.

**Предвиден буџет 300.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 1.000.000,00 ден**

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Во насока на зајакнување на локалниот економски развој општина Охрид континуирано воспоставува соработки и партнерства со фондации и институции, национални и меѓународни, чија крајна цел е развој на пазарот на трудот што пак ќе доведе до зголемени можности за подобрување на пристапот до пристојно вработување и зголемување на приходите за различните категории на граѓани. Активностите на општина Охрид се фокусираат на: Развој на различни економски сектори и зголемен раст на компаниите преку пристап до нови пазари; пристап до подобрена едукација и вештини во секторите, како и подобрување на регулаторната политика за раст на компаниите од приватниот сектор.

Со реализација на овие активности ќе се делува во системите значајни за пазарот на трудот преку кои ефикасноста и влијанието се најголеми. Туризам и угостителство, зелена економија и креативните индустрии се избрани како сектори во кои ќе се делува поради нивниот потенцијал за раст.

Предвидените активности се во согласност со националната развојна политика за претприемништво, Националната стратегија за развој на МСП и Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Охрид.

### 2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото

Во рамки на оваа програмска област, предвидено е да се реализираат различни активности од делот на локалниот економски развој поставени во следниве четири категории:

2.1.1. Инструменти преку кои ќе се елиминираат постоечки недостатоци во поглед на физичката или социјална инфраструктура
- физичка инфраструктура, објекти, слободен простор за користење, подобрување на енергетските мрежи, водоводните мрежи ...
- социјална инфраструктура – деловниот амбиент, прописи, регулатива, праксата и навиките на чинителите на развојот,

2.1.2. Инструменти за проширување на потенцијалот за иден развој на заедницата (развој на технолошки паркови, донесување на општи плански акти за вон населени места, воспоставување на подземниот ГИС – географско информативен систем ...)

2.1.3. Инструменти за директно влијание за подобрување на деловната клима
- Општински даноци и други давачки,
- Маркетинг промоции,
- Комунално уредување на градските зони во кои се сместени најголем дел од компаниите,
- периодични истражувања и анализи за економските движења, како и анализи на приоритетните стопански гранки, техничка помош, екпертиза и трансфер на знаења од страна на експерти за развој на МСП.

Реализацијата на ваквите активности пред ќе се одвива преку меѓуресорска координација и проектна соработка во општината Охрид како и организирање и учество на форуми, јавни трибини, презентации, саеми, и други промотивни настани во Македонија и странство, во заедничка соработка со бизнис заедницата од Охрид, Стопанските Комори и други институции од економскиот сектор. Иницијативите за подобрување на на бизнис климата и реализација на различните инструменти во таа насока, ќе бидат редовно презентирани пред градоначалникот на Општина Охрид, секторите и одделенијата со посебни надлежности.

**<u>Предвиден буџет ___ ___100.000,00 ден</u>**

**2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд**

Со оваа активност се предвидени реализација на серија на стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. Изборот на струките за кои ќе се врши прекфалификација и докфалификација се прави врз основа на спроведени анкетни истражувања за потребите на охридското стопанство. Исто така, планирано е организирање на бесплатни обуки за млади невработени лица од обласста на менаџментот и претприемништвото, како и за жени претприемачи. Преку ова ќе се овозможи создавање на услови за континуирано зголемување, промена и освежување на квалитетот на вештините на младите и невработените лица.

Целта е да се мотивираат сегашните и идни студенти, млади и невработени лица, да ги изградат своите претприемачки вештини со цел да овозможат преземање на иницијативи и одговорности, вградувајки ги нивните желби и компетенции надградени низ формата на доживотно учење.

Исто така, во насока на поттикнување на претприемачкиот дух кај женската популација ќе биде организирана обука од сферата на бизнисот, менаџментот, лидерството и претприемаштвото во туризмот и во занаетчиството.

**Предвиден буџет 200.000,00 ден**

**2.3. Организирање на саем за вработување и пазар на идеи**

Следејќи ги светските трендови организацијата на саемот за вработување ќе овозможи остварување на непосреден контакт на невработените лица со компаниииите кои нудат работа. На ваков начин невработените лица ќе имаат можност да се информираат за слободните работни места на пазарот на труд. Предвидено е на саемот да бидат застапени компании од различни категории, се со цел овоозможување на богата понуда за што поголем број на профили и струки. Покрај тоа, самоет е замислен и да овозможи поврзување помеѓу креативни идеи, развој на нови производи и услуги како понуда од една страна и компаниите кои би ги поддржале истите во насока на развој на сопствениот бинис.

**Предвиден буџет 150.000,00 ден**

**2.4. Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид**

За реализација на оваа програмска активност општина Охрид изработува и печати брошура „Инвестирајте во Охрид“, документ за промоција на капацитети поволни за инвестиции кои општина Охрид ги нуди на инвеститори со цел подобрување на економскиот раст и развој. Истата содржи податоци за капацитети од државна и приватна сопственост кои се погодни за инвестирање со што се збогатува понудата на локации и сегменти во делот на браунфилд и гринфилд инвестициите. Податоците од брошурата ќе бидат компатибилни и достапни преку ВЕБ ГИС платформа која е изработена во соработка со Центарот за Развој на Југозападен Плански Регион и истата има за цел промоција на капацитети поволни за инвестиции кои општина Охрид ги нуди на инвеститорите. Веб платформата ќе се ажурира тековно со што потенцијалните инвеститори ќе имаат пристап до релевантни податоци.

**Предвиден буџет 100.000 ден**

### 2.5. Партнерства и соработки

Во рамки на оваа активност предвидено е отпочнување на постапка за регистрација на ЛАГ. ЛАГ-овите се основни единици преку кои се спроведува т.н. ЛЕАДЕР програмата за рурален развој на ЕУ, насочена кон создавање работни места и подобрување на животниот стандард во руралните заедници и урбани региони. Целта на ЛАГ-овите е подобрување на економскиот потенцијал на заедниците преку заедничко делување на јавниот, приватниот и невладиниот сектор.

Од особена важност за општина Охрид е воспоставување и одржување на партнерски односи со Европските градови и институции, со цел партнерски настап на саеми, форуми, како и подготовка и заедничко учество во аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, но и партиципација во национални, регионални и меѓународни асоцијации. За реализација на овие активности е неопходно да се организираат работни посети како на претставници на Општината Охрид во други општини така и на нивните претставници кај нас.

**Предвиден буџет 100.000,00 ден**

### 2.6. Одржување на состаноци со релевантни преставници на бизнис заедницата во Охрид со цел унапредување на бизнис климата во градот

Оваа активност предвидува унапредување на соработката со бизнис заедницата со цел унапредување на економскиот развој во Охрид. Целта на ваквите состаноци меѓу другото е и нотирање на проблемите со кои се соочува бизнис заедницата и изнаоѓање начини за нивно решавање. Подобрувањето на комуникацијата помеѓу бизнис секторот и локалната власт ќе овозможи создавање иницијативи за подобрување на вкупната економска клима и трговска понуда на градот.

**Предвиден буџет 0 ден**

**Вкупно планиран буџет за 2: 650.000.00 ден.**

## 3. ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ

Искористувањето на природните ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно Стратегијата за одржлив развој на Општина Охрид, треба да се темели на рационалната употреба на расположливите ресурси преку следниве активности:

### 3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија.

Целта на брендирањето е да се издиференцира производот или услугата во однос на конкуренцијата на пазарот, како и целта кај потрошувачот да креира уникатна и единствена перцепција за производот или услугата. Платформата на која што брендирањето ја игра својата улога не е пазарот на производ и услуга туку свеста на потрошувачот или конзументот. Во суштина купецот (потрошувачот) е тој што стои пред дуќанот или угостителскиот објект и од "десетина" идентични или слични производи или услуги избира каде ќе ги потроши своите пари.

- Активноста предвидува воведување на процедури, ознаки и правилници за користење на локално лого и знак за типични локални производи и услуги, при што општината ги издава дозволите за користење на определен знак (лого) или слоган во согласност со исполнување на стандардите и условите пропишани во правилникот за користење на брендот.
- На пример: **Локално произведена храна** (за угостителски објекти во кои што менијата ќе содржат минимум 70 % локално произведени прехрамбени продукти)
- **Автентичен локален сувенир** (за продажни објекти на сувенири, ракотворби и сл. Производи со автентично локално потекло и производство).

**Предвиден буџет** **120.000,00 ден**

### 3.2. Изработка на физибилити студија и основен проект за изградба на откупно дистрибутивен центар во Охрид

Обезбедувањето на наведената документација е неопходна за непречена изградба на откупно дистрибутивен центар кој пак е од особено значење за подигнување на локалната економија во општина Охрид. Изградбата на откупно дистрибутивниот центар е од големо значење за производителите на земјоделски производи бидејќи на ваков начин ќе го надминат проблемот за складирање и понатамошно пласирање на локалните продукти од една страна а од друга страна ќе се овозможи поврзување на локалното и регионално сточарско-земјоделско производство со секторот на потрошувачка на локалниот производ. Тоа пред се се однесува на туристичко – угостителскиот сектор. Имајќи во предвид дека локалните брендови се едно од најпрепознатливите обележја на туристичката дестинација сметаме дека охридскиот регион изобилува со препознатливи и квалитетни производи кои треба да станат дел од гастрономската понуда со што би се поттикнал севкупниот туристички и локален економски развој на Охрид. Кога говориме за значењето на локалните производи за туристичката дестинација, не зборуваме само за чисто економски ефекти во контекст на синџирот на вредности, туку и за еден многу поважен аспект кој упатува на користење на локалните производи во креирање на единствени продажни искуства на туристичката дестинација - USP - Unique selling proposittion - и нивното значење за креирање на пазарната препознатливост и идентитет на туристичката дестинација.

**Предвиден буџет** **600.000,00 ден**

**3.3. Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.**

Едукативните семинари ќе ги опфатат сите три Мерки од ИПАРД програмата и тоа:

- **Мерка 101** - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,
- **Мерка 103** - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи,
- **Мерка 302** - Диверзификација и развој на руралните економски активности и развој на руралниот туризам.

Семинарските и едукативни работилници за подигање на капацитетите на потенцијалните корисници ќе се организираат преку предавања на претставници од одделението за локален економски развој, преку печатени и дигитализирани едукативни материјали и конкретни разработки на Условите за аплицирање и подготовка на Проектни примери.

**Предвиден буџет 0 ден**

**3.4. Советувања и обука на производителите за производство на органска храна**

Производството на органска храна прераснува во европски и светски тренд во агроземјоделскиот комплекс, кој на производителите им овозможува повисоки финансиски приходи. Преку оваа програмска активност е планирано информирање на производителите, преработувачите и малопродажните продавачи на органски земјоделски производи. Целта на овие обуки е да ги прикаже мерките за поддршка на производителите на органска храна што се предвидени во заедничките земјоделски политики на Република Македонија и европските фондови, како и давање на корисни упатства за правилата кои се однесуваат на органското производство, преработката и трговијата. Посебните советувања ќе имаат за цел зголемување на свеста меѓу земјоделците и руралните чинители за мерките во корист на органското земјоделство. За таа цел ќе се организираат стручни обуки и консултативни услуги на експерти од областа на производство на здравата храна, запознавање со стандардите и процедурите за добивање на цертификати и други процедури.

**Предвиден буџет 60,000.00 ден**

**3.5. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците**

Со оваа активност е предвидено обезбедување на неопходни информации за земјоделците, кои ќе им овозможат зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците за производство, зголемување на конкурентноста и искористување на можностите за финансирање во рамките на земјоделството од домашни и меѓународни извори, како и навремено препознавање и соочување со потенцијалните ризици и предизвици за производство и за пласман на производи од сферата на земјоделството. Воедно, преку работењето на оваа канцеларија се овозможува издавање на потврди за користење на средствата од ИПАРД програмата.

**Предвиден буџет 0 ден**

**Вкупно планиран буџет за 3: 780.000.00 ден.**

## 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

Една од круцијалните активности на одделението за ЛЕР претставува подготовка, аплицирање и имплементација на проекти во најразлични области, финансирани од домашни и меѓународни донатори, програми, фондации, амбасади и сл. Процесот на имплементација на проектите претставува сложена активност која бара прецизно планирање и реализација како на проектните активности, така и на предвидениот проектен буџет.

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот, покрај обезбедената донација предвидена во проектот, како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел.

### 4.1. Подигнување на капацитетот на човечките ресурси за подготовка на проекти и проектно управување

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за ЛЕР е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за туризам.

Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
- Превод на стручна литература,
- Консултантски услуги за специфични проектни активности,
- Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,

**Превиден Буџет 60.000,00 ден**

### 4.2. Изработка на проектна и техничка документација

Процесот на подготовка на проектна апликација е најдиректно поврзан со расположливоста и достапноста на неопходна проектна и техничка документација. Тоа е почетна основа врз која што се донесуваат одлуките и се согледуваат можностите за користење на финансиски средства од европските, националните или било кои други донаторски фондови и програми.

Според тоа како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за изработка на проектна и техничка документација.

**Превиден Буџет 400.000,00 ден**

## 4.3. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

**Превиден Буџет 1.000.000,00 ден**

## 4.4. Средства од аплицирани и одобрени проекти

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во рамки на севкупниот локален економски развој, а претставуваат активности кои ќе се реализираат во рамки на проекти финансирани од домашни и меѓународни донатори.

Во рамки на ИПА програмата аплициран и одобрен е Проектот "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција" акроним "CROSS4ALL" за кој се очекува потпишување на договорот и негово отпочнување со реализација. Проектот е аплициран и одобрен во партнерство со водечки партнер -Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и партнери: Општина Неаполис, Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост, Факултет за Информатички и Комуникациски технологии ,Св.Климент Охридски "- Битола, Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар „Св.Стефан" – Охрид, поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите, Специфична цел на проектот е подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите.

Проектот е одобрен и се очекува склучување на договор за истиот. Вкупен буџет на проектот е 1.130.290,00 Евра од кои за Охрид се предвидени 142.810,00 евра буџет за реализација на проектни активности (од кои 75% - 121.388,00 Еур се добиваат авансно, а остатокот од 25% - 21.422,00 Еур. се рефундираат по завршувањето на проектот)

**Превиден Буџет 7.500.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 4: 8.960.000.00 ден**

## 5. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ И ДОГОВОРНИ УСЛУГИ

За реализација на активностите на Програмата за подршка на локалниот економски развој за 2018 година, потребни се одредени средства кои се неопходни за реализација на истите. Овде, пред се, се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари кои се неопходни за реализација на предвидените активности во 2018 година.

Воедно, успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во Секторот за туризам и Лер е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во Секторот за туризам и Лер.

Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

### 5.1. Договорни обврски

**Предвиден буџет 60.000.00 ден**

### 5.2. Други оперативни расходи

**Предвиден буџет 50.000.00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 1.5. 110.000,00 ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2018: 11.500.000,00 ден**

**РЕКАПИТУЛАР**
ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 г

| **Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Активност** | | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| 1 | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА** | | | | |
| | 1.1. | Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид | 700.000,00 | / | 700.000,00 |
| | 1.2. | Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014-2018 | 300.000,00 | / | 300.000,00 |
| | | **Вкупно 1** | **1.000.000,00** | **/** | **1.000.000,00** |
| 2 | **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА** | | | | |
| | 2.1. | Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото | 100.000,00 | / | 100.000,00 |
| | 2.2. | Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд | 200.000,00 | / | 200.000,00 |
| | 2.3. | Организирање на саем за вработување и пазар на идеи | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| | 2.4. | Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид | 100.000,00 | / | 100.000,00 |
| | 2.5. | Партнерства и соработки | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| | 2.6. | Одржување на состаноци со релевантни преставници на бизнис заедницата во Охрид со цел унапредување на бизнис климата во градот | 0,0 | / | 0,0 |
| | | **Вкупно 2** | **650.000,00** | **/** | **650.000,00** |
| 3 | **ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ** | | | | |
| | 3.1. | Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија | 120.000,00 | / | 120.000,00 |
| | 3.2. | Изработка на физибилити студија и основен проект за изградба на откупно дистрибутивен центар во Охрид | 600.000,00 | / | 600.000,00 |
| | 3.3. | Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за | 0,0 | / | 0,0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | средствата од Агенцијата за рурален развој | | | |
| | 3.3. | Советувања и обука на производителите за производство на органска храна | 60.000,0 | / | 60.000,0 |
| | 3.4. | Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците | 0,0 | / | 0,0 |
| | | **Вкупно 3** | **780.000,00** | **/** | **780.000,00** |
| **4** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | | |
| | 4.1. | Подигнување на капацитетот на човечките ресурси за подготовка на проекти и проектно управување | 60.000,00 | / | 60.000,00 |
| | 4.2. | Изработка на проектна и техничка документација | 400.000,00 | / | 400.000,00 |
| | 4.3. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 1.000.000,00 | / | 1.000.000,00 |
| | 4.4. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | / | 7.500.000,00 | 7.500.000,00 |
| | | **Вкупно 4** | **1.460.000,00** | **7.500.000,00** | **8.960.000.00** |
| **5** | **ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ И ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | |
| | 5.1. | Договорни обврски | 60.000,00 | / | 60.000,00 |
| | 5.2. | Други оперативни расходи | 50.000,00 | / | 50.000,00 |
| | | **Вкупно 5** | **110.000,00** | **/** | **110.000,00** |
| | | **ВКУПНО** | **4.000.000,00** | **7.500.000,00** | **11.500.000,00** |